РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр. 29-4001/5
01.07 2021 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 35 и член 46 став 9 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), а во согласнсот со член 93 и член 94 од законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр.32/20) градоначалникот на општината Крива Паланка го дава следното

**СООПШТЕНИЕ**
**За организирање на јавна анкета и јавна презентација на Локална урбанистичка планска документација за комплекс „Старо Школо" со намена В3-култура во с.Градец КО Градец, Општина Крива Паланка**

Јавната анкета по горенаведениот план ќе се одржи од 05.07.2021 година до 09.07.2021 година секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот во просториите на Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина при општината Крива Паланка.

Локална урбанистичка планска документација за комплекс „Старо Школо" со намена В3-култура во с.Градец КО Градец, Општина Крива Паланка ќе биде изложена на информативните табли на општината Крива Паланка, во информацискиот систем е-урбанизам и во просториите на општината Крива Паланка.

Јавната презентација за Локална урбанистичка планска документација за комплекс „Старо Школо" со намена В3-култура во с.Градец КО Градец, Општина Крива Паланка ќе се одржи на ден 08.07.2021 година со почеток во 13,00 часот во големата сала на општината Крива Паланка.

Планскиот опфат кое е предмет на уредување на ЛУПД за комплекс „Старо Школо" со намена В3-култура во с.Градец КО Градец, Општина Крива Паланка зафаќа површина од 1,164ха (11.643,00м$^2$) и неговата местоположба е ограничена на површина на КП3101 и КП3102 во м.в.„Рид" и на дел од КП1388 м.в. „Расовец" КО Градец Општина Крива Паланка.

Анкетните листови за учество во јавната анкета се наоѓаат во архивата на општината Крива Паланка и во горенаведениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да достават писмени забелешки преку анкетните листови или забелешки во електронска форма преку информацискиот систем на е-урбанизам.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**